НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ"
КУМАНОВО

# КОНЦЕРТ

**МАРИЈА**
**МУРАТОВСКА НАУМОВСКА**
**сопран**

**ЕЛЕНА**
**АТАНАСОВСКА ИВАНОВСКА**
**пијано**



ПРОГРАМА: G.PUCCINI, F.LEHAR, R.STOLZ, O.STRAUS

10.04.2018 (вторник) МАЛА САЛА 20.00 ч.

# ПРОГРАМА

G.PUCCINI - MENTIA L'AVVISO
G.PUCCINI - STORIELLA D'AMORE
G.PUCCINI - SOLE E AMORE
G.PUCCINI - E L'UCCELINO
G.PUCCINI - MORIRE?
G.PUCCINI - TERRA E MARE
G.PUCCINI - CANTO D'ANIME

F.LEHAR -
„FRIEDERIKE"
„WARUM HAST DU MICH WACH GEKUST ?!"
R.STOLZ
„DER FAVORIT"
„DU SOLLST DER KAISER MEINER SEELE SEIN"
O.STRAUS
„DER TAPFERE SOLDAT" - „KOMM ,KOMM "
R .STOLZ
„SPIEL AUF DEINER GEIGE
DAS LIED VON LEID UND LUST"

* Сите дела се изведуваат за првпат во Македонија

**МАРИЈА МУРАТОВСКА НАУМОВСКА** –позната македонска сопранистка со мегународна кариера.Дипломирала пијано во класата на проф. Б. Цветковиќ , а дипломирала и магистрирала соло пеење во класата на проф. К. Трпков на Факултетот за музичка уметност во Скопје.За својот успех во студирањето ја добила наградата" најдобар студент на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" (1977/78 год.). Потоа следеле многу други награди, како и 1 место на Натпреварот за млади пеачи во Белград 1982 год. Веднаш по дипломирањето се вработила на Факултетот за Музичка уметност во Скопје како пијанист во звањето уметнички соработник-корепетитор за подоцна да оформи своја класа, за преку звањето доцент, вонреден и редовен професор остане се до денес на ФМУ на додипломските и магистерски студии по предметите соло пеење и вокална техника. Нејзините студенти се добитници на многу награди на натпревари, вработени се во Македонската опера и балет или имаат своја кариера и надвор од нашата земја.

Активно учествувала на мастер класи на познати професори по соло пеење: С. Винг, Т. Роудс, Г. Мелој, Г. Лоранс, С. Булен, А. Серги, О. Енигереску, Л.М. Талајиќ и др.

Во текот на нејзината долга кариера настапувала во бројни вокално –инструментални дела со Македонската Филхармонија, Балканска Филхармонија, Оркестарот на МОБ, Нишката Филхармонија,како и камерниот оркестар при Македонското радио, Камерниот оркестар "Света Софија", Скопски солисти, како и на фестивалите "Охридско лето", "Дубровнички летни игри", "Денови на македонската музика", "Интерфест Битола", "Скопско лето", "Есенски музички свечености", "Мајски оперски вечери", "Струшка музичка есен", "Штипско лето", "Гевгелиска пролет", "Прилепско културно лето", "Дани музике-Херцег Нови", "Мокрањчеви дани", "Мермер и звуци", "Краљевачки октобар", "Сплитско лето"и др.

Настапувала како солист со диригентите: Ф. Муратовски, Е. Табаков, М. Тарбук, Т. Прошев, М. Нечев, А. Лековски, Д.Соломон, И. Липановиќ, В. Блинов, Д. Шуплевски, А. Шурев, П.Гуров, . Матиќ-Маровиќ, М. Новаковски, Б. Цанев, Р.М. Асланов, С. Николовски-

- Ѓумар, О. Балабурски, М. Фирфов, И. Митановиќ, Е.Шербаков, М.Спасов, З.Станисавлјевиќ, Ле Фи Фи, С. Костик, И. Зорик и др.
На нејзиниот репертоар се наогаат: B.Britten-“Illuminations”, G.B.Pergolesi - “Stabat Mater”, G.Mahler - Simfonija Nr.2, G.Rossini - “Stabat Mater”, J.S. Bach - “Magnificat”, K.Orff - “Carmina Burana”, K. Orff - “Carmina Catuli”, W.A. Mozart - “Requem”, L.van Beethoven - simfonija Nr.9, A. Vivaldi - “Gloria“, L. Delibes - “Missa Breve”, како и, рецитални програми (често пати и праизведби) на многу соло песни на композитори од сите епохи и стилови.
Музичката критика ги истакнува нејзините извонредни гласовни квалитети, музичка култура, музикалност, прекрасна боја на гласот, вокална техника, перфектна изведба, сценска фигура и шарм, и нејзиниот високопрофесионален однос кон негувањето на концерното пеење .
Добитник е на највисоката награда за интерпретација која и е доделена од Сојузот на композиторите на Македонија која го носи името на нашиот доајен на македонското исполнителство “Георги Божиков”.
2017 год. Сојузот на Музичките уметници на Македонија и ја додели наградата “Златна Лира“ за животно дело.



**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА**
**“ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“**
**КУМАНОВО**